Министерството за економија согласно доделениот Договор за јавна набавка за „Кампања за штедење на енергија наменета за мали и средни претпријатија и претпријатија-големи потрошувачи на енергија“ објавува

**Оглас**

**за пријавување на десет мали и средни претпријатија од повеќе градови и региони во земјата за утврдување на актуелната потрошувачка на енергија, едукација за пополнување на прашалник, со подготовка на Акционен план за спроведување на проекти**

Спроведувач на кампањата е организацијата МАЦЕФ – Центар за енергетска ефикасност на Македонија.

Во текот на посетата менаџерите на претпријатијата ќе бидат запознаени и информирани за изработкатата на Акционен план за спроведување на мерки на заштеди и рационализација во потрошувачката на енергија на избраните претпријатија, како добра пракса во нивното деловно работење. Исто така, ќе се реализираат обуки во врска со мерења и управување со потрошувачката на енергијата за менаџерите и вработените во претпријатијата. Овие активности имаат за цел да им се помогне на претпријатијата во развивањето на проекти за енергетска ефикасност заради добивање на финансиски средства и презентирање на можности за примена на определени специјализирани софтверски алатки за анализа на потрошувачката на енергија, односно за енергетската ефикасност кај претпријатијата.

За таа цел, потребно е претпријатијата:

- да овозможат пристап до производните објекти.
- да делегираат лице кое е задолжено за управување со енергијата кое активно ќе соработува со претставниците од Министерството за економија и претставниците на МАЦЕФ.
- менаџерите и стручните лица од претпријатието пожелно е да присуствуваат и на обуката на која ќе им биде пренесено знаењето на самостојно изработување на Акциони планови за заштеда на енергија, како и за организација на следењето на потрошувачката на енергија, усогласено со стандардот 50001.

Заинтересираните претпријатија треба да доставаат пријава до Министерството за економија најдоцна до 22.07.2016 година.